# ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ –СКОПЈЕ

**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА СТАРИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**(институционална и вонинституционална заштита)**

*Скопје, Март 2018 година*

Овој Извештај има за цел да даде преглед на системот на социјална заштита во РМ за заштита на стари лица, законските можности за институционална и вонинституционална заштита, со посебен осврт на состојбата и потребите на стручните лица во установите за социјална заштита и старите лица во РМ и препораки за унапредување на заштитата на старите лица.

Извештајот е изготвен врз основа на следната методологија:

- деск анализа на законските прописи во РМ со кои е регулирана заштитата на старите лица;
- анализа на состојбите и потребите констатирани при реализираниот надзор над стручната работа во приватните установи за стари лица во текот на 2017 година;
- анализа на состојбите и потребите констатирани при реализираниот мониторинг над работата на јавните установи за стари лица во текот на 2017 година ;
- информации/сознанија согледани при реализирање на процесот на лиценцирање и континуиран професионален развој на стручните лица во установите за стари лица.

**Констатирани состојби/наоди**

Системот на социјална заштита во Република Македонија нуди можности за социјална заштита на старите лица кои се наоѓаат во социјален ризик преку услугите од:

- институционална заштита, кои подразбираат сместување во установи за социјална заштита на стари лица, и
- вонинституционална заштита, кои подразбираат користење на услуги од дневни центри и клубови за стари и возрасни лица и користење на услуги од центри за давање помош во домашни услови.

Стручните лица кои даваат социјални услуги од институционална и вонинституционална заштита, мора да бидат лиценцирани и вклучени во процесот на континуиран професионален развој.

**Установи за институционална заштита на стари лица**

Согласно член 123 од Законот за социјална заштита, установа за стари лица обезбедува сместување, исхрана, помош и нега, здравствена заштита, културно забавни, работно рекеативни активности, услуги на социјална работа и други услуги, зависно од потребите, способностите и барањата на корисникот. Во системот на социјална заштита со процесот на децентрализација во 2006 година, како јавни општински установи за социјална заштита на стари лица регистрирани се:

1. ЈОУ „Сју Рајдер“ – Битола,
2. ЈОУ „Зафир Сајто“ – Куманово,
3. ЈОУ „Киро Крстески Платник“ – Прилеп,
4. ЈОУ „д-р Иван Влашки“ – Берово, отворен во Декември 2015
5. додека Оддел „Мајка Тереза“ - Скопје поради проблеми во прифаќањето од страна на Град Скопје, вратен е на управување на ЈЗУ Геронтолошки Завод „13 Ноември“ – Скопје.

Јавните општински установи имаат регистрирано вкупен кацпацитет од 624 легла, иако во моментот дел од овие капацитети не се користи во Оделот „Мајка Тереза” Скопје (нефункционалност поради неможност за реновирање на просторот бидејќи се наоѓа на архиелошки локалитет Скупи) и во ЈОУ „Зафир Сајто” Куманово (поради несоодветна водоводна мрежа во новите прпостории).

Установата ЈОУ „Сју Рајдер“ – Битола, работи во нов објект изграден со поддршка на европски фондови, установата ЈОУ „Зафир Сајто“ – Куманово има нови простории, дел од доградба кои не се пуштени во фунција поради немање на соодветна водоводна инсталација, а ЈОУ „д-р Иван Влашки“ – Берово, работи со капацитет од 15 легла. Имено, ЈОУ „д-р Иван Влашки“ – Берово, предвидено е да има капацитет од 45 легла, односно да биде изградена во 3 фази, но поради проблеми во основањето на надзорен и управен одбор во установата, Холандската Амбасада, која ја финансирала изградбата на објектот, го прекинала процесот во втората фаза. Со тоа втората фаза од изградбата на објектот не е довршена во целоста, поточно објектот е изграден но, не е внатрешно уреден и опремен.

Покрај јавните општински установи за сместување на стари лица во Република Македонија, Законот за социјална заштита дава можност за постоење на приватни установи за социјална заштита. Првата приватна установа за социјална заштита на стари лица има добиено лиценца за работа од страна на Министерството за труд и социјална политика во 2008 година, додека во 2010/2011 година се започна со интензивен процес на лиценцирање на приватните установи за сместување на стари лица. Лиценцирањето на приватните установи за социјална заштита на стари лица, во суштина значи добивање на дозвола за работа на приватните установи за социјална заштита на стари лица, кои претходно беа регистрирани како трговски друштва. Со добивањето на лиценца за работа од страна на Министерството за труд и социјална политика, се добива потврда дека приватната установа за социјална заштита ги исполнува условите предвидени согласно „Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита на стари лица”од 2003 година, и новиот Правилник од 2015 година. (СЛ весник на Р.М бр.125/15). Имајќи ги во предвид овие процеси денес регистрирани се 25 приватни установи за социјална заштита на стари лица, со капацитет од 809 легла[1]:

1. ПУСЗ „Ваш Нов Дом“ - Скопје
2. ПУСЗ „Вита Ве“ - Скопје
3. ПУСЗ „Геронтомедикал Феникс“ - Скопје
4. ПУСЗ „Геронтос - БМ“ - Скопје
5. ПУСЗ „Елисавета“ - Скопје
6. ПУСЗ „Жана - С“ - Скопје
7. ПУСЗ „Жана“ - Неготино
8. ПУСЗ „Бранкица” - Скопје (не работи)
9. ПУСЗ „Лабос“ - Скопје
10. ПУСЗ „Милица“ - Скопје
11. ПУСЗ „Панада“ - Скопје
12. ПУСЗ „Руски“ - Скопје
13. ПУСЗ „Светла Надеж“ - Скопје
14. ПУСЗ „Терзиева“ - Скопје
15. ПУСЗ „Св. Спас”- Битола
16. ПУСЗ „Дабевски” - Скопје
17. ПУСЗ „Св.Петка” - Скопје
18. ПУСЗ „Мирковски” - Скопје
19. ПУСЗ “Сонце“-Скопје
20. ПУСЗ “Сончев Дом Тодоровски“ Ракотинци Сопиште
21. ПУСЗ “Хармонија“ - Скопје
22. ПУСЗ “Нана“ - Скопје
23. ПУСЗ “Астреон“ – Радовиш
24. ПУСЗ “ЛАБОС“подружница дом за стари лица СВ. НИКОЛА - Скопје
25. ПУСЗ “РУСКИ“ подружница дом за стари лица Илинден.

[1] Податоците за капацитетот на приватните и јавните установите за социјална заштита на стари лица, се достапни во Регистрите на web страната на МТСП (http://www.mtsp.gov.mk/registri.nspx)

Според податоците со кои располага ЈУ Завод за социјални дејности во месец Декември 2017 година, во јавните и приватните установи за социјална заштита биле сместени вкупно 1214 корисници. Прилог бр 1.

Процесот на лиценцирање на приватните установи за социјална заштита на стари лица, не само што доведе до воведување на минимум стандарди и услови потребни за достоен и квалитетен живот во староста на лицата кои се сместуваат во установи за социјална заштита на стари лица, туку и ги зголеми капацитетите за институционално сместување на старите лица во Република Македонија. Согласно европските стандарди, со институционални капацитети на една држава треба да биде опфатено 3-5% од старото население. Ако се направи споредба на капацитетите за сместување на стари лица во 2008 година, кога истите можеле да опфатат само 0,3% од старите лица над 65 години, денес овој процент е значајно зголемен, односно изнесува приближно околу 1% на капацитети за институционално сместување на стари лица над 65 години. Сепак минимумот од 3% сеуште не е достигнат.

Но, ако се погледне регионалната распространетост на капацитетите за институционално сместување на стари лица во Република Македонија може да се забележи дека имаме огромна концентрација на капацитети за сместување на стари лица во и околу градот Скопје, што е во согласност и со концентрацијата на старо население во овој регион, но од друга страна се забележува недостаток на капацитети за сместување на стари лица во источниот регион на Република Македонија и недоволен капацитет за сместување во западниот дел на Р.М.

Центрите за социјална работа во Република Македонија сместуваат стари лица во социјален ризик само во четирите јавни општински установи за социјална заштита на стари лица и тоа во:

1. ЈОУ „Сју Рајдер“ – Битола,
2. ЈОУ „Зафир Сајто“ – Куманово,
3. ЈОУ „Киро Крстески Платник“ – Прилеп,
4. Оддел „Мајка Тереза“ - Скопје при ЈЗУ Геронтолошки Завод „13 Ноември“ – Скопје.

На овие институции Министерството за труд и социјална политика, трошоците за сместување на корисниците преку центрите за социјална работа ги надоместува преку блок дотации, додека ЈОУ „д-р Иван Влашки“ – Берово, сеуште нема искуство за сместување на корисници преку центрите за социјална работа. До истата барања за сместување доставиле од центрите во околниот регион, но на истите не можеле да одговорат, поради исполнетост на капацитетот.

Приватните установи за социјална заштита на стари лица немаат искуство на сместување на стари лица преку центрите за социјална работа, но се јавуваат поединечни случаи на сместување на лица во социјален ризик, за кои трошоците ги покрива самата приватна установа за соцјална заштита. Приватните установи сместувањето го вршат преку склучување на договори со членовите на семејството на старото лице и наплаќање на трошоците од истите, каде реално најчесто со свој придонес преку пензиите учествуваат старите лица, а разликите ги надополнуваат членовите на семејствата или се надополнуваат од паричниот надомест за помош и нега од друго лице.

Во 2017 година, ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, реализираше надзор над стручната работа во сите приватни установи за социјална заштита на стари лица и мониторинг над работата над јавните установи за социјална заштита на стари лица. Од извршените надзори мерки се изречени само во приватната установа за социјална заштита на стари лица „Панада", бидејќи од стручната евиденцијаи документација пропишана согласно Правилник за начинот на водење и содржина на евиденцијата за корисниците на правата од социјална заштита и документацијата за стручната работа(Сл. Весник на Р. Македонија, бр.171/11), во установата се води само матична книга, но и таа не е водена согласно одредбите во Правилникот и во установата не е вработен социјален работник.

Во другите приватни установи може да се констатира дека се води стручна евиденција и документација, а ЈУ Завод за социјални дејности, даде само препораки до сите приватни установи за подобрување на водењето на стручната евиденција и документација.

На приватната установа за социјална заштита на стари лица „Бранкица” - Скопје, на почетокот на 2017 година, од страна на Министерството за труд и социјална политика и беше одземена лиценцата за работа, а корисниците од истата беа сместени во други приватни установи за социјална заштита на стари лица, во кои имаше слободни расположливи капацитети.

Во јавните установи за социјална заштита на стари лица, од извршените мониторинзи, дадени се препораки за водење стручна евиденција и документација, а во текот на 2018 година, планирани се надзори над стручната работа во овие установи.

На отворените установи за социјална заштита во втората половина на 2017 година им беше дадена стручна помош и поддршка, а во текот на 2018 година, ќе се реализира надзор над стручната работа на овие установи.

**Установи за вонинституционална заштита на стари лица**

Согласно член 139 од Законот за социјалната заштита, дневните центри и клубови за стари лица, вршат услуги од социјална заштита во вид на дневен престој, исхрана, лична хигиена, како и организирање на работни, културни, забавни и други активности.Овие установи може оделни услуги од својата дејност да ги вршат и во домот на корисникот.

Согласно член 147 од Законот за социјалната заштита., центар за давање помош во домашни услови обезбедува на лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, изнемоштени стари и други возрасни лица, услуги во вид на исхрана, лична хигиена, хигиена на станот и други работи во домот на корисникот.

Целта на центрите за давање помош во домашни услови и дневните центри е давање на поширока палета на социјални услуги, на сите лица кои имаат потреба од истата, во обем кој ќе ги задоволи потребите на корисниците. Намената на дневните центри е да бидат и дневно престојувалиште за старите лица кои имаат каде да живеат, но, немаат кој да се грижи за нив во периодот кога членовите на семејството ги извршуваат работните обврски. Центрите за давање помош во домашни услови требасоцијалните услуги во домашни услови да ги направат достапни на оние лица кои не можат да одат во дневни центри, поради нивната состојба но, со присуство на соодветно лице кое може да им пружи соодветна стручна помош во домот, како и на лица кои ќе се грижат за одржување на хумани услови за живеење во нивниот дом. Кога вонинституционалните форми на социјална заштита на стари лица ја вршат својата функција, им овозможуваат на старите лица да останат да живеат што подолго во својата природна средина. Досегашната поставеност на вонинституционална заштита на стари лица, во Република Македонија, сеуште не ги обезбедува потребите на овие лица.

Во досегашната пракса, во Република Македонија, иако постојат Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита – дневен центар за стари и возрасни лица (Сл. весник на РМ, бр.113/2014) и Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита – центар за давање помош во домашни услови (Сл. весник на РМ, бр.113/2014), ниту еден од постоечките дневни центри и центри за давање помош во домашни услови нема лиценца за работа од страна на Министерството за труд и социјална политика. За ваквата состојба постојат повеќе причини меѓу кои пред се неисполнувањето на критериумите согласно горенаведените постоечки правилници и недефенираноста на цената на услугата, како и недоволното искуство на субјектите на ова поле, во мисла на сигурност за обезбедување на минимум средства потребни за давање на услугата. Состојбата со центрите за давање помош во домашни услови и дневните центри може да се генерализира во смисла што:

- Постоечките дневни центри, кои се организациони единици на центрите за социјална работа во Република Македонија, немаат стручни кадри кои работат во нив и најчесто се користат како места во кои се дели храна од народните кујни, за лицата во социјален ризик. Просторот и инвентарот поради функционалната неискористеност се оставени на забот на времето. Само клубот за стари лица во Чашка има поразлично искуство во реализација на програмата за социјална заштита на старите лица кои се членови на овој клуб, но со повлекувањето на стручните кадри кои работеа во клубот, стручната работа неможе да се реализира;
- Дневните центри и центрите за давање помош во домашни услови отворени од страна на Црвен Крст, ангажираат стручни лица во тимот, но во работата повеќе се вклучени волонтери, кои ги посетуваат старите лица во нивните домови, за дружење, набавка на храна и лекови и слично. Медицинската сестра мери шеќер, крвен притисок и слично. Дневните центри повеќе имаат улога на центри за активно стареење, каде подвижните стари лица го пополнуваат слободното време во различни социјални и друштвени активности. Услугите не се наплаќаат од корисниците, туку ЦК обезбедува услуги врз основа на донации и проекти;
- Центрите за давање помош во домашни услови, кои фунционираат во рамки на невладините организации, својата работа повеќе ја базираат на негователи, кои во последно време се едуцираат по програми признаени и лиценцирани од Центарот за образование (ЦОВ). Негователите вршат услуги како грижа за старото лице, подготовка на храна, одржување на хигиена и нивните услуги се наплаќаат директно од старото лице или членовите на неговото семејство;
- Поради непостоењето на лиценца за работа како установи за социјална заштита, овие установи не водат стручна евиденција и документација согласно Правилник за начинот на водење и содржина на евиденцијата за корисниците на правата од социјална заштита и документацијата за стручната работа (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.171/11),

Во моментот во Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика на својата интернет страна ги има регистрирано:

- Дневен центар за стари лица – Бучин, организациона единица на МЦСР Крушево;
- Клуб за стари и возрасни лица – Чашка, организациона единица на МЦСР Велес;
- Клуб за стари и возрасни лица – Богомила, организациона единица на МЦСР Велес;
- Дневен центар за стари лица – Самоков, организациона единица на МЦСР Македонски Брод;
- Дневен центар за стари лица Вевчани, даден на Здружение на пензионери на општина - Вевчани;
- Дневен центар за стари лица – Тимјаник, општина Неготино;
- Дневен центар за стари лица Гази Баба, ЦК на Гази Баба;
- Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови – Чаир, ЦК на Град Скопје;
- Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови – Центар, ЦК на Град Скопје.

**Континуиран професионален развој на стручните лица вработени во установи за социјална заштита на стари лица**

Стручните работници од јавните и приватните установи за социјална заштита на стари лица, во рамки на процесот на лиценцирање, во втората поливина на 2017 година и почетокот на 2018 година, посетија неколку обуки од Модул 17 - Работа со стари лица, во рамки на кои разменија искуства во работата, од установите во кои доаѓаат и начинот на кој се справуваат со проблемите кои ги имаат во текот на работењето на стручната работа. При тоа може да се констатира дека:

- Определувањето на подзаконските нормативи во „Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита на стари лица" (СЛ весник на Р.М бр. 125/15), со кои се предвидува еден социјален работник и во установа за социјална заштита на стари лица до 35 корисници и во установа за социјална заштита до 70 корисници и во установа за социјална заштита до 150 корисници, претставува проблем за стручните лица кои ја вршат оваа функција, бидејќи работодавците во истите неангажираат втор социјален работник. Имено,поради непостоење на обврска, работодавците не вработуваат втор социјален работник и од еден социјален работник се очекува да реализира и работна тепарија и социјални активности и да води стручна евиденција и документација, што реално неможе да се постигне ниту во установите со 70 корисници, ниту во установите со 150 корисници. Ваквата подзаконска определба го намалува квалитетот на стручната работа, во интерес на водење соодветна евиденција и документација.
- Недостасуваат процедури и стандарди за работа во установи за социјална заштита, кои ќе бидат водич за работа на стручните лица од една страна, а од друга страна ќе бидат потпора во исполнувањето на сите законски и подзаконски обврски во стручната работа, на стручните лица вработени во установите за социјална заштита настари лица.
- Недостасуваат техники и скали за проценка на состојбата на старите, врз основа на кои ќе се поткрепат наодите и мислењаа на стручните лица и врз основа на кои ќе може да се направи план за работа со корисникот.
- Во установите за социјална заштита на стари лица, проблем претставуваат наодите и мислењата на стручен тим, бидејќи тие во домовите работат во тимови, но не сите членови се стручни лица.
- Стручните работници (социјалните работници), се соочуваат со огромен предизвик при вработувањето во установи за социјална заштита на стари лица, бидејќи пред се не се чувствуваат доволно стручни поради недоволно познавање на болестите и состојбите со кои се соочуваат старите лица, а се од областа на геронтологијата, геријатријата и посебно процесите на деменција, како и поради недоволно знаења за пристапот и стручната работа со овие лица. Со сите овие предизвици, често се принудени да се самоедуцираат и искуствено да трагаат по најдобрите пристапи.

**ПРЕПОРАКИ**

Имајќи ги во предвид сите превземени активности во стручната работа на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје во 2017 година и почетокот на 2018 година, како и констатираната состојба од процесот на кониннуиран професионален развој, може да се констарира дека е потребно:

- Планирано проширување на капацитетите за институционално сместување на стари лица, со цел достигнување на европските препораки за минимум 3% на институционални капацитети, во однос на вкупниот број на стари лица. Да се превземат мерки и активности за проширување на капацитетите во источниот регион, каде има само две установи за социјална заштита на стари лиц, ПУСЗ „Астреон" - Радовиш и ЈОУ СЗ „д-р Иван Влашки" – Берово, со капацитет за сместување од вкупно 31 корисник;

- Да се обезбедат средства за внатрешно уредување на изградениот објект во ЈОУ СЗ „д-р Иван Влашки" – Берово, со цел проширување на капацитетот за уште 15 корисници и завршување на втората фаза од изградбата на објектот;

- Установите кои ќе се отвараат за институционално сместување на стари лица да бидат во форма на помали групни домови, со капацитети до 30 корисници;

- Дел од капацитетите на приватните установи за социјална заштита на стари лица да биде искористен за сместување на лица во социјален ризик, преку центрите за социјална работа, а трошоците за истите да бидат на сметка на Министерството за труд и социјална политика;

- Секоја приватна установа за социјална заштита на секои 35 корисници да има обврска да сместува минимум по 2 корисници кои се самостојни во извршување на секојдневните обврски и не им е потребна дополнителна нега и грижа или 1 корисник кој е неподвижен, со потреба од дополнителна болничка нега и грижа, по однапред определена цена на услуга со Министерството за труд и социјална политика;

- Јавните установи за социјална заштита половина од капацитетот со кој располагаат да го обезбедат за корисниците на услугите преку центарот за социјална работа;

- Да се развие стратегија за отварање на дневни центри и центри за давање помош во домашни услови на локално ниво, со активно вклучување на единиците на локална самоуправа, невладините организации, правни и физички лица. Услугите наменети кон старите и возрасни лица да станат локално достапни;

- Да се развиваат лиценцирани вонинституционални форми на социјална заштита, во кои ќе бидат исполнети минимум стандардите за стручни кадри, простор и опрема;

- Да се направат измени во подзаконски акти, за зголемување на бројот на стручни работници (социјални работници или психолози), во установите за социјална заштита на стари лица, со цел квалитетно извршување на професионалните задачи и подигање на квалитетот на услугите;

- Да се изготват Процедури и стандарди за работа на установите за социјална заштита на стари лица и да се едуцираат стручните работници вработени во установи за социјална заштита за постапување по истите;

- Да се изготви Модул за едукација на стручните работници вработени во установи за социјална заштита, за социјална работа со лица болни од алцхајмер, деменција и други ризични групи;

- Да се направи едукација на стручните работници вработени во установи за социјална заштита за користење на техники и скали на проценка на стари лица.

Прилог Бр. 1

| | **Установи за социјална заштита на стари лица** | **сместени корисниии - декември 2017** |
|---|---|---|
| 1. | Оддел „Мајка Тереза“ - Скопје при ЈЗУ Геронтолошки Завод „13 Ноември“ | 68 |
| 2. | ЈОУ „Сју Рајдер“ - Битола | 158 |
| 3. | ЈОУ „Зафир Сајто“ - Куманово | 151 |
| 4. | ЈОУ „Киро Крстески Платник“ - Прилеп | 128 |
| 5. | ЈОУ „д-р Иван Влашки“ | 15 |
| 6. | ПУСЗ „Ваш Нов Дом“ - Скопје | 14 |
| 7. | ПУСЗ„Вита Ве“ - Скопје | 42 |
| 8. | ПУСЗ „Геронтомедикал Феникс“ - Скопје | 40 |
| 9. | ПУСЗ „Геронтос - М“ - Скопје | 20 |
| 10. | ПУСЗ „Елисавета“ - Скопје | 44 |
| 11. | ПУСЗ „Жана - С“ - Скопје | 26 |
| 12. | ПУСЗ „Жана“ - Неготино | 43 |
| 13. | ПУСЗ „Бранкица” | не работи |
| 14. | ПУСЗ „Лабос“ - Скопје | 15 |
| 15. | ПУСЗ „Лабос“ подружница „Св. Никола”- Скопје | 25 |
| 16. | ПУСЗ „Милица“ - Скопје 38 | 39 |
| 17. | ПУСЗ „Панада“ - Скопје | 11 |
| 18. | ПУСЗ „Руски“ - Ченто | 30 |
| 19. | ПУСЗ „Руски“ - Кадино | 30 |
| 20. | ПУСЗ „Светла Надеж“ - Скопје | 17 |
| 21. | ПУСЗ „Терзиева“ - Скопје | 74 |
| 22. | ПУСЗ „Сонце“ - Скопје | 23 |
| 23. | ПУСЗ „Св. Спас Битола” | 40 |
| 24. | ПУСЗ „Дабевски” | 43 |
| 25. | ПУСЗ „Св.Петка” | 21 |
| 26. | ПУСЗ „Мирковски” | 33 |
| 27. | ПУСЗ „Хармонија” | 28 |
| 28. | ПУСЗ „Сончев дом Тодоровски” | 15 |
| 29. | ПУСЗ „Астреон” - Радовиш | 16 |
| 30. | ПУСЗ „Нана” - Скопје | 5 |
| | **Вкупно** | **1214** |